# Г О Д И Ш Е Н ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА
# ЗПОРК – РАДОВИШ ВО 2024 ГОДИНА

Здружението на пензионери на оштините Радовиш и Конче, (во натамошниот текст Здружението)2024година ја започна со планираните активности според Планот за работа донесен кон крајот на 2023 година од Извршниот одбор и Собранието на Здружението.

Здружението своите програмски цели и својата работа  ги реализира според Законот за здруженија и фондации, Статутот и правилниците на Здружението, како и според актите, одлуките и насоките на СЗПМ.

Здружението на пензионери на општините Радовиш и Конче-Радовиш, својата работа и програмски активности ги реализира преку Управната служба и органите и комисиите на Здружението.

## СОБРАНИЕ

Собранието на Здружението на пензионерите на општините Радовиш и Конче-Радовиш, во извештајната 2024 година одржа 2 седници.

На седницата одржана на 13.03.2024 година, Собранието ја усвои завршната сметка на Здружението за 2023 година и донесе одлука за започнување на постапка за измени и дополнување на Статутот на Здружението, доколку пензионерите од општина Конче - огранок 9 – кои регистрираа посебно Здружение, успеат да се одделат и бидат примени во СЗПМ, па статутарните промени би се наметнале како нужни, а доколку не се одвојат т.е. не бидат примени во Сојузот, тогаш постапката за измени и дополнување на Статутот да мирува.

На седницата одржана на 27-ми  декември, се усвои годишниот извештај за работата на Здружението во 2024 година и Годишниот план за работата на Здружението во 2025 година.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

Извршниот одбор на ЗПОРК-Радовиш успешно ја заврши 2024 година.

Во текот на годината Извршниот одбор  одржа 5 седници, но седниците иако бројчано не беа многу, беа многу конструктивни и на истите Извршниот одбор на Здружението донесе повеќе одлуки од управувачки, финансиски и извршен карактер.

Меѓу најзначајните одлуки што Извршниот одбор на Здружението ги донесе во 2024 година, **се:**

На 10-тата седница, одржана на 09.02.2024 година, се донесоа одлуката за статутарни промени, согласно препораките на СЗПМ (доколку има потреба, ако ЗП Конче биде примено во Сојузот) одлуката за покачување на надоместоците на ангажираните лица за извршување на работите во  Здружението, како и надоместоците на членовите на ИО и комисиите,одлуки за висината на надоместување на дел од трошоците за бањско – климатско лекување, висината на социјалната помош, одлуката за отпис на расходувани основни средства и ситен инвентар, одлуката за наградување на спортистите за постигнати резултати на регионални и републички пензионерски спортски натпревари, како и повеќе одлуки за  покривање на трошоците за инвестициони ативности како опшивањето на прозорците, обелувањето на клубот во Радовиш и просторијата на Активот на жени, беа донесени и одлуки по поднесоци од пензионерии поднесени конечни извештаи за веќе спроведени активности како Новогодишната забава и трошоците за извршеното обелување на конференциската сала и заменувањето на светилките, трошоците за поставувањето на вариолајт светилките во управните простории и клубот на пензионери. На оваа седница членовите на ИО беа запознаени со преземените чекори за отворањето на клубот во с. Подареш и состојбата со клубот во с.Ораовица.

Единаесеттата седница на ИО беше одржана на 13.03.2024 година.

На оваа седница ИО ја усвои завршната сметка на Здружението, го донесе Правилникот за наградување на спортистите, беа донесени повеќе одлуки за набавка на основни средства како лап-топ за потребите на управата, музички систем за потребите на Здружението, за набавка на инвертер клима уред за Активот на жени, како и одлуки за преземање на други инвестициони активности како одлуките за реновирање на Клубот на пензионери Радовиш и клубот на Активот на жени, а беше поднесен и извештај за конечните трошоци по претходно донесени одлуки и извршени работи.

Дванаесеттата седница на ИО беше одржана на 19.04.2024 година.

На дванаесеттата седница Извршниот одбор донесе одлука за доделување на парични ваучери на пензионерите со наполнети 80 и повеќе години, а по повод Велигденските празници, како и одлука за исплата на еднократната парична помош на болните пензионерите, а по претходна одлука на Комисијата за здравство и хуманитарни работи.Исто така беа донесени и повеќе одлуки за покривање на трошоци како за подготовките и учеството на пејачката и играорната група на регионалната ревија на песни, музика и игри, трошоците за подготовки и учество на пензионерите спортисти на регионалните пензионерски спортски игри и одлуки за покривање на трошоците за санација на ѕидот во големата сала, обелување и опшивање на стаклениот дел и старата електрична инсталација во големата сала. Беше поднесен и извештај за конечни трошоци по претходно донесени одлуки и извршени работи.

На 10.07.2024 година Извршниот одбор ја одржа тринаесеттата седница, која беше одржана преку телефонска врска т.е. он-лајн, а се однесуваше на одлукатаза времено прекинување со работа на Клубот на пензионери – Радовиш, поради високите температури и на оваа седница се донесе едногласна одлука за времено престанување со работа на Клубот.

Четиринаесеттата седница на Извршниот одбор се одржа на 31.07.2024 година.

На оваа седница ИО беше запознаен со Извештајот за материјално – финансовото работење на Здружението за период од 01.01. – 30.06.2024 година, а беа донесени и неколку одлуки за преземање на активности, како организирање на републичката пензионерска средба „Пикник на отворено“ на 01.09.2024 година, формирање на организационен одбор, за покривање на трошоците за организација на средбата, одлука за покривање на трошоците за подготовка на спортистите за Републичките пензионерски спортски игри, како и одлуки по поднесоци од граѓани, а беа запознаени и со конечните трошоци по претходно донесени одлуки за инвестициони активности.

Петнаесеттата седница Извршниот одбор ја одржа на 19.12.2024 година.

На оваа седница беше усвоена Програмата за работа на здружението во 2025 година, Финасовиот план и Годишниот извештај за работата на Здружението во изминатата година.

Може да заклучиме дека Извршниот одбор на ЗПОРК-Радовиш, имаше плодна и успешна 2024 година.

## К О М И С И И

Освен преку Собранието и Извршниот одбор, преку кои ги извршува своите управни и финансиски активности, ЗПОРК-Радовиш, бројни активности реализира и преку своите Комисии.

## КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ

Комисијата за културно-забавен живот при ЗПОРК-Радовиш, во 2024 година, не одржа многу состаноци, но реализираше неколку исклучително значајни активности.

На полето на културно – забавниот живот во 2024 година, може да се каже дека нашето Здружение беше активно.

По донесената одлука за формирање на библиотека на Здружението, Комисијата за културно забавен живот беше исклучително активна во конституирањето на Клубот на читатели и формирањето на библиотечниот фонд.

Со пејачката и играорната група, кои за настап на Регионалната ревија на песни музика и игри се подготвуваа со ментори, а кои се одржаа во СВ.Николе, изборивме учество на Републичката ревија на песни музика и игри.

Во текот на целата 2024 година, Комисијата за културно – забавен живот ја организираше работата на библиотеката.

До крајот на годината Комисијата за културно забавен живот, не ја реализира литературната секција, иако беа во програмата за работа, иако во текот на годината по разни пригоди пензионери- поети рецитираа свои песни.

Во текот на годината, во соработка со Активот на жени, беа реализирани повеќе ескурзии и учества на пензионерски средби, бидејки во активностите на Комисијата за културно – забавниот живот на пензионерите, секако спагаат и учеството на повеќето манифестации како што се Блакцето на Баба, Томина Недела, Зелникот на Баба, ескурзијата до Лутраки и Воден во Р.Грција, како и организирањето на Новогодишната забава на 30.12.2023 год.

**КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО И ХУМАНИТАРНИ РАБОТИ**

Комисијата за здравство и хуманитарни работи при ЗПОРК-Радовиш, во извештајната 2024 година, ги реализираше планираните програмски активности.

Во 2024 година, Комисијата за здравство и хуманитарни работи при ЗПОРК-Радовиш, одржа два состаноци, на кои покрај вообичаените активности беа донесени и одлуки за распределбата наВелигденските парични ваучери и доделувањето на еднократна парична хуманитарна помош, на пензионерите со тешки болести и отстранети делови од телото,Парична хуманитарна помош од по 3.000,оо денари, беше доделена на 10 пензионери со тешки болести и отстранети делови од телото, парични ваучери од по 1.000,оо денари на 35 пензионерите со наполнети 80 и повеќе години, како и беше одобрено покривање на дел од трошоците за бањско – климатско лекување на 5 пензионери со минимални пензии.

**КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

Комисијата за спорт и рекреација при ЗПОРК-Радовиш, во 2024 година одржа четири состаноци.

На состанокот одржан на 11.04.2024 година, беше разгледан Планот на одржување на Регионалните пензионерски спортски натпревари, како и списокот на пријавени пензионери за пооделни спортски дисциплини.

На состанокот одржан на 5.05.2024 година беше донесена Одлука да се организира традиционалната манифестација „Пензионери на велосипеди“ до манастирот СВ.Ѓорги“-с.Воиславци и беше утврден датумот на одржување-18.05.2024 година, но истата не се одржа поради слабиот интерес на пензионерите, а беше утврден и списокот на спортисти за учество на Регионалните пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа на 08.06.2024 година во Ново Село и на истите нашите спортисти освоија 6 први места.

На 18.08.2024 година беше донесена одлука за тренирање на спортистите за Републичките пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа на 10.09.2024 година, во Скопје, и на кои нашите спортисти постигнаа 2 први места во Пикадо-екипна конкуренција, и во Фрлање ѓуле, а нашата натпреварувачка Лилјана Ничева беше најдобар стрелец во Пикадо на ниво на Републиката.

На состанокот одржан на 06.12.2024 година беше усвоена Програмата за работа на Комисијата за 2025 година, и беше донесена одлука оваа година за спортисти на годината да се прогласат Лилјана Ничева од Радовиш и Живко Милев од нас.Раклиш, а исто така донесе одлука на спортистите на годината да им се доделат пригодни поклони.

**КОМИСИЈА ЗА СТАНОВИ И РАБОТА СО КЛУБОВИ**

Комисијата за станбени односи и работа со клубови при ЗПОРК-Радовиш, во извештајната 2024 година, не одржа ниеден состанок, бидејќи немаше станови за

распределба и не се успеа во планираното отварање на нови клубови, пред се од субјктивни причини на поедини политичари, но тоа не значи дека преку претседателот на Комисијата, не беше активна.

Претседателот на Комисијата беше вклучен во сите активности на здружението, а во кои своја улога има Комисијата за станови и работа со клубови.

Така, претседателот на Комисијата беше вклучен во активностите за чистење на сметот од ходникот и таванските простории од улазот во кој живее Милка Хаџиефтимова и во кои таа имаше натрупано голема количина на стари предмети и ствари.

Претседателот на комисијата учествуваше и во продажбата на расходуваните основни средства и отпишани предмети и ствари, учествуваше во изготвувањето на записникот за примопредавање на фарбаните радијатори, записникот за примопредавање на настрешницата и претсобјето од Клубот на пензионери Радовиш и во уредувањето на големата сала. Секако во доменот на работата на Комисијата за станови во 2024 година, спаѓа иконтролата на становите што се одвиваше во заедничка посета на становите од Секретарот на

Здружението и претседателот на Комисијата.

**АКТИВ НА ЖЕНИ**

Активот на жените при ЗПОРК-Радовиш, во извештајната 2024 година донесе своја програма за работа, која ја реализираше и според која оствари бројни активности, како одбележување на значајни датуми, реализација на средба со штитениците во домот за стари лица „Астреон“-Радовиш, посета на центарот за згрижување на деца со посебни потрби „Порака“-Радовиш, посета на културни настани и положување цвеќе на спомен обележјата во Радовиш, по разни историски настани.

Активот на жени имаше огромен придонес во реализацијата на идејата за отварање на Клуб на читатели и збогатување на библиотечниот фонд.

Една од обемните акции на Активот на жени секако е и идејата за заживување на Радовишкото корзо, акцијата за чистење на отпадоци во градскиот парк на ридот и др.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Надзорниот одбор на ЗПОРК-Радовиш, избран како орган да врши контрола на материјално – финансовото работење, во 2024 година има одржано 2 (два) состанока, а преку

Претседателот на Одборот, или преку свој преставник, редовно присуствува на седниците на Извршниот одбор и на тој начин во текот на целата година има непосреден увид во трошењето на финансиските средства.

На состанокот одржан на 17.01.2024 година, Надзорниот одбор го разгледа Годишниот финансиски извештај за 2023 година, а на состанокот одржан на 28.07.2024 година, го усвои Финансовиот извештај за планираните и остварени приходи и расходи на Здружението за периодот од 1.01. – 30.06.2024 година.

**СТРУЧНА СЛУЖБА**

Стручната слуба на ЗПОРК-Радовиш, ја сочинуваат Претседателот, Секретарот и Благајникот на Здружението. Покрај нив во извештајната 2024 година, во Здружението работи и еден работник во Клубот на пензионерите, кој разнесува покани, ја подига поштата, аги одржува и просториите на управата и клубот.

Стручната служба на ЗПОРК-Радовиш, ги подготвува материјалите за седниците на ИО и Собранието, како и материјалите за состаноците на Комисиите.

Исто така Стручната служба на Здружението ја координира работата со СЗПМ, другите

Здруженија на пензионери од Републиката и меѓу Ограноците во Здружението, се грижи за одржување на становите, управните простории и Клубовите, ја води евиденцијата и архивирањето на документите.

Во 2024 година, стручната служба ја спроведуваше една од најопсежните активности во досегашната историја на ЗПОРК-Радовиш, а тоа е изготвувањето на социјалната карта за секој пензионер-член на Здружението. За таа цел во содејство со СЗПМ одржа подготвителен состанок, а со Претседателите на Ограноците,, исто така одржа неколку состаноци и во почетокот на Октомври започна со анкетирањето т.е. пополнувањето на анкетните листови за секој пензионер. Но овде мора да се нагласи дека и покрај големите напори за обезбедување на анкетари и постојаното повикување за одзив на пензионерите, наидовме на слаб одзив за анкетари, а некаде и бојкот на самото давање податоци.

Стручната служба во 2024 година работеше на многу сопствени проекти, како прибирање донации, организирање на настани кои не беа предвидени со програмите на Комисиите и ИО, како склучувањето на Меморандумите за соработка со Негорски бањи, Дебарски Бањи и Катлановска бања, Меморандумот за соработка со ЈЗУ ЗД Радовиш, Ремедика Офтамологија –Скопје и др.

Во целосна организација и реализација на Стручната служба беше добивањето на донацијата од Г-нот Ванчо Чифлиганец, кој ја донираше настрешницата и претсобјето од влезот во Клубот на пензионери – Радовиш, донација на една клупа од Г-н Благој Здравев, а по сопствена иницијатива Стручната служба реализираше и неколку еднодневни ескурзии, но секако ќе остане запаметена дводневната ескурзија до термалните бањи во Пожарско - „Лутраки“ и водопадот во Воден - Р.Грција.

Во соработка со ЈП Македонски шуми-подружница Радовиш, Стручната служба за прв пат организираше масовна акција за пошумување на голините на пл.Плачковица, акција за која се планира да стане традиционална.

Стручната службаво целост се грижи за имотот на Здружението и во таа насока внимава на редовното плаќање на станарините и одржување на редот и чистотата во Пензионерскиот дом.

Се надеваме дека во 2025 година,ќе се реализираат сите зацртани програмски активности, а секако и понатаму ќе се реализираат активности кои не се предвидени, а во текот на годината ќе се појават и кои се од интерес за пензионерите.

ЗПОРК - РАДОВИШ
Бр.0201-424/3
27.12.2024 год.

ЗПОРК-Радовиш,
Претседател,
Ефтерпи Димитрова с.р.